# ФУНКЦИОНАЛНИ ОБЈЕКТИ СО СОФИСТИЦИРАН КОНТЕКСТ

**Натка ЌОСЕВА**
*дипл. инж. арх.*

Тила Теус (Tilla Theus) е позната швајцарска архитектка, која живее и работи во Цирих. Родена е во 1943 година во Хур, кантонот Грисонс. По завршувањето на студиите на Швајцарскиот сојузен институт за технологија во Цирих (ETH), отворила свое ателје кое од 1985 година се вика „Тила Теус и партнери АГ“. Теус се специјализирала за проектирање на нови објекти, особено во урбани јадра со комплексен и софистициран контекст, реконструкција и адаптација на постојни објекти, внатрешна архитектура и внатрешен дизајн.

Во нејзините позначајни дела се вбројуваат: *хотел Видер*, Цирих (1995); *внатрешен дизајн на прва класа во авионите на Свис Аир*, Цирих (1999); *седиштето на осигурителната компанија Свис Ре*, Цирих (2000); *седиштето на Меѓународната ајсхокеј федерација, Цирих (2003); Јелмоли трговски центар*, Цирих (2004); *седиштето на Фифа*, Цирих (2006); *ресторан Круна*, Диетикон (2010); *ресторан на врвот од Алпите*, Ароса (2012); *станбена населба*, Диетикон (2012) и други објекти во Швајцарија.



**Делата на Тила Теус се карактеризираат со едноставност, одржливост и комплексна вклопеност во околината. Добитник е на неколку награди на градот Цирих за најдобар објект.**

## ХОТЕЛ *ВИДЕР*, ЦИРИХ

Стариот град на Цирих се реконструирал од 1900 до 1995 година. Самото зачувување на една историска ќелија, како што е стариот град, било мошне чувствително прашање. Одлуката била осум постоечки средновековни објекти во стариот град на Цирих да се реконструираат и адаптираат во луксузен градски хотел, и да се интегрираат во функционална и економична целина. Секој објект зафаќа минимален простор и има свои специфичности, историски и културни вредности, и е уникатен сам за себе. Требало да се зачува постоечкиот уличен изглед на објектите и да се избалансира





различноста во една хармонична слика. Самиот хотел *Видер* е реконструиран во периодот помеѓу 1988 и 1995 година.

Тила Теус успеала да го реши овој тежок проблем на многу софистициран и елегантен начин. Концептот на Тила Теус е фокусиран на хотел вметнат во постоечки станбени структури. Успеала да ги сочува различните простории, кои имаат битни историски и културни вредности и да ги избалансира и соедини во една целина. Во старите средновековни простори вметнала и многу нови современи елементи и материјали, и создала хармоничен спој на старо и ново. Хотелот во средишниот дел има отворена градина, а салата за доручек е вметната меѓу објектите и е целосно застаклена. Со оваа тешка но успешна реконструкција, хотелот *Видер* влегува во луксузни хотели со холистичка филозофија. Тила Теус со овој проект успеала да го дизајнира најнеобичниот објект во Цирих и да направи, како што велат корисниците и жителите на Цирих, сонот да стане јаве. Осумте средновековни објекти добиле нов живот.





*Ресторан „Ароса“*

## *РЕСТОРАН НА ВРВОТ ОД АЛПИТЕ,* АРОСА

Ресторанот на врвот од швајцарските Алпи во Ароса е на височина од 2.650 метри и служи за одржување на самити и конференции. Ресторанот во основата е со шестоаголна неправилна форма и е централно поставена на платото. Ѕидовите се закосени, додека кровот е дводовен кос, така што се добива една архаична



неправилна форма која изгледа како да е дел од карпа. Капацитет на ресторанот е 220 места и има поглед во круг на целата околина за време на добрите и јасни климатски услови. Конструкцијата на ресторанот е стратешки планирана за да може сите градежни материјали да се транспортираат со постоечката жичарница. Структурата на објектот е конструирана од дрвени префабрикувани елементи.

Тила Теус сугерирала надворешната обвивка на објектот, фасада и кров, да се изведе со обложување на алуминиумски елоксирани плочи. Алуминиумските плочи ја обвиткуваат целокупната структура како лушпеста кожа, со што се вклопува уште повеќе во карпестиот планински врв. Елоксираните алуминиумски плочи се поставени врз водонепропустлива надворешна структура –хидро и термоизолација, за да го заштитат објектот од алпските климатски прилики. Материјалите во ентериерот се потопли отколку надворешната обвивка. Ентериерот е претежно обработен со борово дрво. Внатре, ресторанот зрачи со топлина и бои на планинарски дом. Однадвор, архаичната неправилна форма и нејзината материјализација, придонесуваат објектот да изгледа како да е израснат од целокупниот пејзаж, и изгледа како ѕвезда која свети на врвот од Алпите.

## *ЈЕЛМОЛИ* – ТРГОВСКИ ЦЕНТАР, ЦИРИХ

Во 1823 година, Питер Јелмоли Циолина отворил стоковна куќа, во која производите се продавале за прв пат во затворен простор и биле со фиксни цени. Со тој концепт, кој бил сосема нов и необичен во тоа време, отворањето на првата стоковна куќа го сменил начинот на пазарење, а таа станала една од најуспешните фирми во Цирих. Јелмоли ја основал и модерната пошта за да направи подобар бизнис и да ги доставува и прима стоките во картонски кутии. Лачната форма на Јермоли постоела од почеток на изградбата на објектот, а стилот на објектот е актуелен со времето на »







градење. Со текот на времето, објектот бил одржуван колку што е потребно за да остане во функција.

Со цел да се осовремени објектот и комуникацијата со клиентите, извршена е адаптација и реновирање на постојната стоковна куќа, и тоа внатрешниот простор во однос на светлоста, ориентацијата, како и обновување на постојната фасада.

Нов концепт, ново искуство. Внатрешното двориште е смалено и лачната форма е затворена во големина, која е доволна да пропушти зенитална светлина. Во двориштето се додадени скали, кои со својата каскадна форма и бела боја изгледаат како скулптура. Надворешната фасада е целосно променета. Целиот трговски центар е застаклен, потенцирани се влезовите со стаклени портали. Новиот објект има осум надземни ката, а на најгорниот кат се проектирани ресторани со зелени тераси пред нив. Прославата на 177 години од постоењето на трговскиот центар Јермоли е проследена со повторно отворање на реновираниот и обновен трговски центар. Денес, *Јелмоли* е еден од најсовремените трговски центри во Цирих.

### *ПОЕТСКИ АМБИЕНТ НА ВОДА –* **Станбена населба во Диетикон**

Ситуацијата на населбата се карактеризира со две различни просторни конфигурации, постојни објекти со многу зелени површини. Треба да се почитуваат постојните станбени и заеднички структури и да се додат нови. Јавноста и месното население се изјасниле за идниот изглед на постоечката населба за решение





во круг, кое го следи коритото на реката со доволно зелени површини. Просторот за заеднички средби и настани на жителите е планиран во зелените површини, за да се создаде приватна атмосфера. Локацијата на реката и формата на нејзиниот тек во круг, овозможуваат многу движење на воздухот и упатува кон центарот на населбата, каде се планирани јавните објекти. Новите станбени згради се поставени да ја следат линијата на реката, а попречните визури овозможуваат подобри просторни перспективи. Новите објекти имаат сосема нов едноставен дизајн и изглед различен од постоечките. Балконите и огромните прозорци се ориенирани кон реката, а зелените површини помеѓу реката и објектите го прават овој поетски амбиент да остане секогаш свеж, нов и интересен за жителите.

## *ОБЈЕКТОТ НА ФИФА*, **Цирих (2004)**

Да се изгради дом за ФИФА, дом за светската фудбалска заедница, која брои 208 членки и 270 милиони играчи, судии и тренери, е огромен предизвик. Дом кој ќе ја исполни мисијата на ФИФА за развој на играта, ќе допре до целиот свет и ќе изгради подобра иднина. Со овој објект, Тила Теус требаше да промовира и имплементира одржливост, флексибилност, енергетска ефикасност, без да се наруши околината. Локацијата за изградба на објектот е во недоволно изградена средина, зелена површина, слободен плац помеѓу спортски терени, неколку спортски објекти и шума. Големината на објектот во кој треба да се сместат толку многу простории и функции е решен на невообичаен начин. Зградата има правоаголна форма со внатрешно пацио. Основата на објектот е со димензии 143/41 м , висина 12 м и пет подземни нивоа, односно 2/3 од објектот се под земја. Во објектот се сместени простории за администрација, тренинзи, конференции, логистика и подземни паркинзи. Објектот на ФИФА е импресивен со својата огромна димензија, транспарентност и облога на фасадата. Целата фасада е застаклена и обложена со ленти од алуминиумска мрежа кои прават движења како во фудбалот, а во исто време овозможуваат софистицирана заштита од сонце. Објектот изгледа како пловечки објект поставен среде зелени површини. На западната и јужната страна од објектот се наоѓа парк во кој се посадени растенија од сите континенти кои се членки на ФИФА, и со тоа ја симболизираат меѓународната фудбалска заедница.

## ПРИЗНАНИЈА

Делата на Тила Теус се карактеризираат со едноставност, функционалност, одржливост и вклопеност во околината. Добитник е на неколку награди на градот Цирих за најдобар објект и е член на повеќе комисии поврзани со развој, планирање и заштита на градот и кантонот Цирих. Член е и на федерална комисија на лицејот Артистико за заштита на градот Цирих и Рим. ■




